Ст.бр.16/2020

Р.

ОСНОВНИОТ СУД ВО КИЧЕВО, и тоа стечајниот судија Исмаил Елези, решавајќи по предлозите поднесени од предлагачот–доверителот НЛБ. Банка АД. Скопје, со седиште на ул.„Мајка Тереза“ бр.1 и предлагачот-доверителот Охридска Банка АД. Скопје присоединета кон Шпаркасе Банка АД. Скопје, за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија, угостителство и услуги ИКС. БАЛКАН ДОО увоз-извоз Кичево, со седиште на ул.„Маршал Тито“ бр.120 Кичево по одржаното рочиштето, во присуство на стечајниот управник Драган Филипоски од Гостивар, полномошникот на Шпаркасе Банка, Александар Јованоски, адвокат од Гостивар и полномошникот на НЛБ. Банка Ивона Танеска, вработена во НЛБ. Банка Кичево, денес на ден 19.10.2021 година го донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

Над должникот, Друштво за производство, трговија, угостителство и услуги ИКС БАЛКАН ДОО увоз-извоз Кичево, со седиште на ул.„Маршал Тито“ бр.120 Кичево, со ЕМБС-6990568 и ЕДБ-4012014510764 е основано на 29.10.2014 година, приходна шифра 46.19-Посредување во трговијата со разновидни производи со трансакциски сметки во: Охридска Банка сега припоена кон Шпаркасе банка АД Скопје, со сметки број: 210069905680132, број 21006905680209, број 210069905680326, број 210069905680423, при НЛБ-Тутунска Банка АД Скопје, сметки број 250032000346574, број 250032000346671, со број 250032000346768, со број 250032000346865, при Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, и сметка број 530110101933542 при Охридска Банка АД Скопје, стечајната постапка СЕ ОТВАРА, стечајната постапка не се спроведува и се ЗАКЛУЧУВА.

По правосилноста на решението Централен регистар РСМ, РРК-Гостивар да го брише должникот од Централен регистар на РСМ.

По правосилноста на решението банките: Охридска Банка сега припоена кон Шпаркасе банка АД Скопје и НЛБ Банка да ги згаснат трансакционите сметки на должникот, а доколку има средства на нив истите да ги префрлат на жиро сметка на Буџет на РСМ број 100-0000000630-95, уплатна сметка 840-134-03338, приходна шифра 722211 при Народна Банка на РСМ.

Да се објави оглас во Службен весник на РСМ, на огласна табла и веб страна на Основен суд Кичево.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Предлагачот Охридска банка поднесе предлог за отворање стечајна постапка над должникот заради неликвидност при што се заведе постапка под Ст.бр.16/20 и предлагачот НЛБ Банка, поднесе предлог за отворање стечајна постапка над должникот заради неликвидност при што е заведен предмет Ст.бр.3/2021 поради што се изврши спојување на постапките и се поведе една постапка под Ст. бр.16/2020.

Судот по добивањето на предлозите определи стечаен управник за утврдување на економско-финансиската состојба на должникот и закажа рочиште на кое предлагачите остана при наводите на предлозите, а судот во доказна постапка ги изведе доказите како на записник од 19.10.2021 година при што утврди дека се исполнети условите од чл.5 од Законот за стечај за отворање на стечајна постапка, бидејќи на должникот му претстои идна неликвидност.

Од извештајот на стечајниот управник и приложените писмени докази судот утврди дека имотот на должникот што би влегол во стечајната маса не е доволен за намирување на трошоците на таа постапка заради што донесе решение за отворање и заклучување на стечајната постапка, во кој случај стечајната постапка нема да се спроведе.

Предвид на погоренаведеното согласно чл.68 од Законот за стечај се одлучи како во изреката на решението и определи објавување на ова решение.

**ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО, СТ.бр.16/2020 од 19.10.2021 година.**

**Стечаен судија,**
**Исмаил Елези.с.р.**

ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 8 дена по приемот преку овој суд до Апелациониот Суд Гостивар.

Д-НО: -На полномошникот на Предлагачот–доверителот, Шпаркасе банка адвокат Александар Јованоски од Гостивар
- Предлагачот-доверителот НЛБ Банка
- Должникот
- стечаен управник,
- Огласна табла
- и веб страна на Основен Суд Кичево,
- УЈП-Кичево, а по правосилноста на решението на Централен Регистар на РСМ, РРК-Гостивар, Шпаркасе банка АД Скопје; НЛБ Банка АД Скопје.